ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ – КУМАНОВО-ГАС КУМАНОВО
NDERMARRJA PUBLIKE KUMANOVE-GAZ KUMANOVE

**КУМАНОВО**

Телефони: Централа 031/425-701, Факс 031/433- 331
Телеграма: КУМАНОВО-ГАС Куманово, ул. „Братство и единство“ бр.20
www.kumanovogas.com.mk

# И З В Е Ш Т А Ј З А Р А Б О Т А
## за 2014 година

Март 2015

ЈП „Куманово-Гас“ Куманово е Јавно претпријатие основано за вршење на дејност од јавен интерес во областа на изградба на инфраструктурни објекти. Во 2011 година се изврши перегистрација на претпријатието така да дејности во внатрешниот промет освен Дистрибуција и снабдување на гасовити горива преку дистрибутивни системи се воведуваат и Поставување на инсталации за водовод, канализација, плин, инсталации за греење и клима-уреди, Инженерство и со него поврзано техничко советување како и останати специјализирани градежни работи. Примарна активност во 2014 година беше проширување на дистрибутивната гасоводна мрежа со поставување на приклучоци за гас на тарифни потрошувачи.

ЈП „Куманово - Гас“ Куманово со својата работа започна на 05.04.2006 година и е сместено во просториите на АД Козјак Куманово на ул.Братство и единство бр.20.

## I. БРОЈ И СТРУКТУРА НА ВРАБОТЕНИ

| Година | 2014 |
|---|---|
| Магистер по технички науки | 1 |
| Дипломирани металурзи… | 2 |
| Дипломиран архитект | 1 |
| Дипломирани економисти | 2 |
| Дипломирани правници | 3 |
| Администрација | 1 |
| Вкупно | 10 |

# II. АКТИВНОСТИ НА ЈП „КУМАНОВО-ГАС“КУМАНОВО ВО 2014 ГОДИНА

## II.1 Изградба на дистрибутивна гасоводна мрежа

Главна активност во 2014 година беше продолжување на изградбата на дистрибутивната гасоводна мрежа на територија на град Куманово согласно годишната програма за работа на претпријатието.

За таа цел во изминатата година е отпочната изградба на делница на улица „Пионерска” од дворно место на црква Св.Никола до раскрсница со Бул. Октомвриска Револуција и крак од булеварот на кој ќе се изврши приклучување на оваа делница со веќе изградената на локација Водовод. Оваа делница е со вкупна должина на трасата на полиетиленски цевковод од 300 метри. По завршување на градежните и монтажерските работи и спојување на делницата со претходно изградената делница на локација Водовод, согласно Правилникот за користење на опрема под притисок, трасата на гасоводот ќе биде подготвена за пневматско испитување на цврстина и непропустливост на системот и истото ќе се изврши во текот на 2015 година со подобрување на временските услови. Независно инспекторско тело врз основа на Технички извештај за делницата и Државниот инспекторат за техничката инспекција при Министерство за економија ќе издадат Одобрение за употреба на делницата откако ќе се изврши пневматското испитување по кој датум делницата ќе може да се стави во употреба. На изградената делница што поминува преку погоре наведенита локација е овозможено приклучување на 50 индивидуални и неколку колективни станбени објекти како и правни лица што гравитираат на делницата.

Изведувач на градежно - монтажерските работи на погоре наведената делница од дистрибутивната гасоводна мрежа во 2014 година е ЈП,,Водовод” Куманово.

ЈП Куманово – Гас Куманово во текот на 2014 година превзема активности за превентивно одржување на гасоводната мрежа што подразбира контрола на одделни точки од системот како што се разводните шахти и надземните инсталации т.е. мерно регулационите станици во однос на истекување на природен гас во атмосферата и дефекти на опрема предизвикана од надворешни влијанија и дотраеност. При овие контроли во текот на годината е утврдено дека не постои истекување на природен гас односно нема дефекти на инсталациите освен појави на дотраеност на батериите на температурните коректори што е нормална појава со оглед на тоа дека се во функција веќе неколку години и кои по завршување на грејната

сезона ќе бидат сервисирани. Освен погоренаведените инсталации постојана контрола и сервисирање се врши и на станицата за одоризација која е во сопственост на претпријатието. Станицата за одоризација е изградена на влез од дистрибутивниот систем веднаш после главната примопредајна мернорегулациона станица на ГА-МА АД Скопје и има за функција инјектирање одорант (материја со специфичен мирис) во цевководот за да природниот гас добие соодветен мирис, кој во случај на истекување во даден објект биде детектиран од корисникот. За таа цел неопходна е постојана контрола на станицата од аспект на нејзината функционалност.

## II.2Приклучување на тарифни потрошувачи на дистрибутивната гасоводна мрежа на ЈП„Куманово-Гас”Куманово

Во 2014 година започнато е со градба на приклучоци на тарифни потрошувачи на индивидуални станбени објекти за физички лица. Станува збор за приклучок на улица Бранко Богдански – Гуцман и приклучок на улица Васко Карангелевски при што извршени се потребните градежно - монтажерски работи на овие објекти. На погоре наведените улици во подготовка е градба на нови приклучоци што подразбира набавена опрема за потенцијалните тарифни приклучоци од една страна и обврските што потенцијалните инвеститори треба да ги превземат за да се изврши нивно приклучување а подразбира изготвување на проектна документација за објектите и добивање на соодветни согласности од инволвирани институции од оваа област.За таа цел претставници на претпријатието на подносителите на барањата за приклучување на наведените улици и на останатите делови од градот каде има гасоводна мрежа постојано даваат насоки како да се спроведе постапката за нивно приклучување. Со добивање на одобрение за употреба од техничката инспекција при министерство за економија за трасата на гасоводот на овој дел од градот од една страна и по завршување на градбата на внатрешната гасоводна инсталација кај инвеститорите, што е нивна обврска од друга страна ќе се изврши полнење на гасоводот со природен гас и негово пуштање во приклучените објекти.

Во централното градско подрачје извршено е приклучување на два верски објекта и тоа црква Св.Никола и црква Св. Троица кои приклучоци спаѓаат во ранг на куќни приклучоци за природен гас.

Во 2014 година започнато е со градба на приклучоци на тарифни потрошувачи во колективни станбени објекти за физички лица. Станува збор за започнување на изградба на приклучок и внатрешна гасна инсталација во станбено деловен објект на Бул. Октомвриска револуција. Врз основа на изготвениот проект за гасоводната инсталација во објектот и добиените

согласности од надлежни институции ( Општина Куманово, Дирекција за заштита и спасување, МВР Куманово – Отсек за оружје, експлозивни и опасни материи и ЈП „Куманово – Гас“ Куманово) инвеститорот доби Решение од ЈП „Куманово – Гас“ Куманово за приклучување на гасоводната мрежа при што тој е обврзан да ги изврши градежно монтажерските работи од мерачите на природен гас до потрошувачите, таканаречен мерен дел а претпријатието е обврзано да изврши градба на гасоводна инсталација од уличната мрежа преку вертикалата на внатрешната гасоводна инсталација, таканаречена немерен ден до самите мерачи на гас на кои ќе се приклучи со своја инсталација инвеститорот. За да се изврши градбата на гасоводната инсталација претпријатието изврши набавка на потребна опрема и материјали како и набавка на 34 мерачи на природен гас колку што изнесува и бројот на станбените единици во објектот. Во случај инвеститорот да ги продаде становите на трети лица обврските околу гасификацијата на истите ги превземаат станарите.

Во 2014 година претпријатието ја започна постапката за изградба на делница од гасоводната дистрибутивна мрежа од главната примопредајна мернорегулациона станица на ГА-МА АД Скопје до објектот на градска болница во Куманово. Направена е анализа за потребните количества на природен гас кои би ги задоволиле потребите болницата и кои што изнесуваат околу 400 000 нм$^3$. Врз основа на овие податоци за количините на природен гас како и податоците за потребите на објектите кои гравитираат на оваа делница, индивидуални и колективни станбени објекти, особено ОУ Толи Зордумис, започната е процедурата за изготвување на техничка документација за дистрибутивна гасоводна мрежа на овој дел од град Куманово, фаза проект за инфраструктура, основен проект за градба и геодетски елаборат за нумерички податоци. Исто така за предметната делница направена е анализа за материјалите и опремата потребни за градење на делницата. Парелелно со овие активности завршени се административните работи со менаџментот на Општа болница Куманово со потпишување на енегетски, технички и економски услови за приклучување. Со отпочнување на градбата на гасна котлара во кругот на болницата од страна на Министерство за здравство ЈП „Куманово – Гас“ Куманово ќе започне со градба на делницата за снабдување со природен гас на болницата и на сите заинтересирани потрошувачи на овој дел од град Куманово.

## II.3Активности на ЈП„Куманово-Гас”Куманово поврзани со законската регулатива во Република Македонија

ЈП„Куманово-Гас” Куманово како регулирано претпријатие од страна на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија во текот на 2014 година постојано одржуваше состаноци и консултации со претставниците на комисијата за повеќе области од делокругот на работење на ЈП„Куманово-Гас” Куманово и се договараа активностите кои треба да ги превземе ЈП „Куманово-Гас” Куманово. Главни активности во таа насока за 2014 година се:

Изготвување на Мрежни правила за дистрибуција на природен гас на територија на град Куманово. Мрежни правила за дистрибуција на природен гас е подзаконски акт кој произлегува од Закон за енергетика и кој ги детерминира сите права и обврски кои носителот на лиценцата за дистрибуција на природен гас а од друга страна правата и обврските на потрошувачите и опфаќаат технички услови за приклучување на дистрибутивна мрежа на потрошувачите, методологија за одредување на цена за приклучување, пристап на трети страни на системот, мерки активности и постапки во случај на нарушувања и хаварии, надзор и тестирање на мрежа, начин и постапка за регулација на проток и притисок на мрежа, квалитет на испорака и друго. За таа цел мрежните правила за дистрибуција на природен гас како предлог верзија се составени и доставени до Регулаторна комисија за енергетика на одобрување од нивна страна.

Во изминатата година се случија измени во законската регулатива во однос на либерализација на пазарот со природен гас што придонесе за измени на лиценците за снабдување со природен гас. Врз основа на тоа претпријатието склучи договор со снабдувачот за купување на природен гас до месец септември 2015 година за да потоа излеземе на пазарот на природен гас и купуваме од повеќе потенцијални економски оператори. Исто така со Регулаторна комисија за енергетика е констатирано дека ќе биде неопходно нашата лиценца за снабдување со природен гас да претрпи измени согласно новонастанатата состојба со законските измени.

Со добивање на лиценцата за проектирање на градби од втора категорија во минатата година и со набавка на потребните софтверски пакети неопходни за изготвување на техничка документација претпријатието изготвуваше проектна документација и тоа инфраструктуран проект за дел од урбана единица Гоце Делчев, дополнување на основен проект за измена во тек на градење за централно градско подрачје, како и неколку сообраќајни елаборати неопходни за добивање на согласност од надлежни институции за вршење на прекоп на улиците. Започнување со изготвување на проектна документација

придонесува освен заштеда на средства на претпријатието и забрзување на самиот процес на гасификација на градот.

Бидејќи во Република Македонија нема потребна техничка регулатива за изградба на дистрибутивни системи за природен гас за широка потрошувачка, поведовме иницијатива за изработка и усвојување на повеќе правилници со кои ќе се дефинира областа на гасната техника во Република Македонија.

Од 01.07.2013 година стапува на сила Правилник за техничките прописи за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од полиетиленски цевки за работен притисок до 10 бари. Со донесување на овој правилник престанува да важи правилникот до 4 бари за изградба на дистрибутивниот гасоводен систем и по кој правилник ЈП „Куманово - Гас” Куманово превзема обврски во работењето.

При Институт за стандардизација на РМ формиран е технички комитет за гасна техника во кој членуваат вработени од ЈП„Куманово-Гас”,Куманово. Овој комитет во текот на 2014 година усвои повеќе стандарди неопходни за работа на нашето претпријатие.

Во 2014 година претпријатието изготви своја веб страна со наслов www.kumanovogas.com.mk каде граѓаните на град Куманово можат да се информираат за претпријатието и потребните информации во врска со приклучување и потрошувачка на природниот гас. Во тек на 2015 година со усвојување на мрежните правила од страна на Регулаторна комисија за енергетика истите ќе бидат прикачени на веб страната за да можат граѓаните да се дополнително информираат за се што е неопходно во оваа област од енергетиката.

# III. ФИНАНСИСКИ ПОКАЗАТЕЛИ И АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

## Извештај за состојбата на средствата, обврските и капиталот за период од 01.01.2006 год. до 31.12.2014 година

| Состојба на ден: | 01.01–31.12.2014 | 01.01.–31.12.2013 | % |
|---|---|---|---|
| **АКТИВА** | | | |
| **Постојани средства** | **27.612.361,00** | **28.106.442,50** | **98** |
| Нематеријални вложувања | 58.871,00 | 0,00 | / |
| Материјални вложувања | 16.430.793,00 | 17.211.795,50 | 95 |
| Средства во подготовка | 11.122.697,00 | 10.894.647,00 | 102 |
| Долгорочни финансиски вложувања | / | / | / |
| **Тековни средства** | **3.147.782,00** | **5.880.782,00** | **53** |
| Залихи | 7.912,00 | 7.164,00 | 110 |
| Побарувања Вкупно | 2.671.201,00 | 5.535.140,50 | |
| Побарувања од купувачи | 2.597.699,00 | 5.456.486,50 | 48 |
| Други побарувања и други средства | 73.502,00 | 78.654,00 | 93 |
| Парични средства и парични еквив. | 468.669,00 | 338.477,50 | 1 |
| Други тековни средства | / | / | / |
| **ВКУПНА АКТИВА** | **30.760.143,00** | **33.987.224,50** | **90** |
| **ПАСИВА** | | | |
| Капитал и резерви | 66.322.242,00 | 61.020.516,00 | 109 |
| Општествен капитал | / | / | / |
| Резерви | / | / | / |
| Акумулирана загуба | –33.581.848,00 | –27.256.069,00 | 123 |
| Тековна загуба | –7.567.850,00 | –6.325.779,50 | 120 |
| Нетековни обврски | / | / | / |
| Донации | / | / | / |
| Долгорочни кредитни обврски | / | / | / |
| Тековни обврски | / | / | / |
| Краткорочни кредитни обврски | / | / | / |
| Обврски кон добавувачи | 4.230.242,00 | 5.366.158,00 | 79 |
| Останати обврски | 1.357.357,00 | 1.182.399,00 | 115 |
| **ВКУПНА ПАСИВА** | **30.760.143,00** | **33.987.224,50** | **90** |

ЈП,,Куманово-Гас” Куманово

Директор

_____

Дипл.правник Драган Петровски